Бр./Nr 12-2380/1
17-03-2022 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 63-тата седница одржана на15.03.2022 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-1875/1 од 04.05.2020 година **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Предметот со број 12-1875/1 од 04.05.2020 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на непознат подносител, на ден 04.05.2020 година, доставена е пријава против службени лица на Дирекција за технолошки индустриски развојни зони со наводи за злоупотреба на службена должност при спроведување на постапка за јавна набавка на возила за комунално одржување на зоната. Пријавителот се сомнева за не транспарентност на постапката и бара да се изврши увид дали објавениот оглас е испратен до сите економски оператори пријавени за конкретниот вид на набавка.

По разгледувањето на наводи, ДКСК констатира дека во конкретниот случај, наводите не укажуваат за постоење на незаконити или недозволиви дејствија на службено лице при вршењето на јавните овластувања и службената должност, а поради анонимност на подносителот на пријавата не беше во можност да обезбеди дополнителни информации по што ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил: Б.К.Ш
Одобрил: К.Н

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Биљана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk